

# „С О С Л О С Т "- Проект за стипендирање на студенти и ученици во социјален ризик

ЕВН Македонија АД, Скопје распишува конкурс за доделување на 10 (десет) стипендии од кои 5 (пет) за ученици во висина од 4.000,00 денари месечно и 5 (пет) за студенти во висина од 10.000,00 денари месечно.

Стипендијата се доделува за 10 (десет) месеци во текот на учебната односно академската година, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од исполнувањето на обврските пропишани во Договорот за стипендирање.

**Кој може да аплицира:**

- Ученици запишани во во I, II, III и IV година во средно образование
- Студенти на факултет кои во учебната 2025/2026, зимски семестар, се запишале во I, II, III и IV година
- Членови на семејство корисник на гарантирана минимална помош согласно Законот за социјална заштита
- Лице кое сместено или живее во институција за социјална заштита, мал групен дом, згрижувачко семејство, или друга установа, врз основа на решение на центарот за социјална работа
- Лице кое до 18 годишна возраст било сместено или живеело во институција за социјална заштита, мал групен дом, згрижувачко семејство, или друга установа, врз основа на решение на центарот за социјална работа

Предност ќе имаат кандидатите кои:

- не се корисници на стипендија или кредит од друга институција или компанија
- се студенти запишани на електротехничките факултети во I, II, III и IV студиска година
- се ученици запишани на електротехничките средни училишта во I, II, III и IV година
- не повторувале година во текот на образованието
- потекнуваат од еднородителско семејство

**Потребни документи за аплицирање:**

Ученици:

- Апликација за стипендија (прилог 1)
- Потврда за ученик запишан во средно образование
- Потврда од Центар за социјална работа за корисници на гарантирана минимална помош (доколку се корисници)
- Изјава за согласност за обработка и користење на сопствените лични податоци за цели на стипендијата (прилог 2)

Студенти:

- Потврда за студент запишан во I година во високо образование
- Потврда/уверение од факултет за 70% положени испити, освен за студентите кои се запишани во прва година
- Потврда од Центар за социјална работа за корисници на гарантирана минимална помош (доколку се корисници)
- Изјава за согласност за обработка и користење на сопствените лични податоци за цели на стипендијата (прилог 2)

**Начин и рок за аплицирање**

→ Сите потребни документи испратете ги на esg@evn.mk со назнака во**„за стипендија СОС ЛОСТ"**
→ Рок за аплицирање до **10.09.2025**
→ Нецелосните апликации и апликациите пристиганти по крајниот рок нема да бидат прифатени

**Информации за процесот на селекција**

→ Сите кандидати и кандидатки кои ги исполнуваат условите ќе бидат поканети на интервју.
→ Податоците на апликантите се третираат доверливо
→ По извршениот избор, апликантите ќе бидат известени по е-маил за резултатит

**Обврски на корисникот на стипендијата (за студенти):**

→ Да има положено најмалку 70% од испитите од претходната година за продолжување на стипендијата
→ Да извршува пракса во траење од најмалку 30 дена во текот на годината во ЕВН Македонија АД Скопје, односно во Друштвата во кои ЕВН Македонија е единствен содружник и основач

**Напомена**: Во случај на утврдување на неточни податоци, доставени од страна на апликантот / стипендистот, ќе дојде до прекин на стипендирањето и враќање на веќе доделените средства.

Повеќе информации за начинот на обработка на личните податоци и остварување на Вашите правата за заштита на лични податоци можете да добиете во Политиката на приватност при аплицирање за стипендија, објавена на веб страната на ЕВН.

ЕВН Македонија е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при селекција без оглед на расата, полот, религијата, националната припадност, вид на попреченост или политичка припадност на кадидатот и кандидатките.

**АПЛИКАЦИЈА ЗА СТИПЕНДИЈА**
**DEI Програма „СОС ЛОСТ" - ЕВН Македонија**

за студенти и ученици во социјален ризик

**Лични податоци:**

Име и презиме: ______________________________________________

Датум на раѓање: ________________

Адреса на живеење: ________________________________________

Телефон: _________________________

Е-маил адреса: __________________________

**Податоци за образование:**

Назив на факултет/училиште: ________________________________________

Година на образование (за ученици):

☐ I година

☐ II година

☐ III година

☐ IV година

Студиска година (за студенти):

☐ I година

☐ II година

☐ III година

☐ IV година

**Квалификациони услови**

(Означете го со ✔ соодветниот одговор)

1. Дали имате положено 70% од испитите (освен за студенти од I година)?

   ☐ Да

   ☐ Не

   ☐ Не се однесува (I година)

2. Дали сте повторувале година?

   ☐ Да

   ☐ Не

3. Социјален ризик (Означете со ✔ барем еден)

☐ Член на семејство корисник на социјална парична помош

☐ Дете без родителска грижа / во згрижување (дом или хранителско семејство)

☐ Дете на родители на кои им се одземени родителските права

☐ Дете без родители и родителска грижа или во ризик да ја загуби грижата

☐ Дете кое живее во институција или згрижувачко семејство

☐ Дете од семејство на самохран родител

4. Дали сте корисник на друга стипендија или кредит?
   ☐ Да
   ☐ Не

5. Дали сте запишани на електротехнички факултет?
   ☐ Да
   ☐ Не

**Прилози кон апликацијата**

☐ Потврда/уверение од факултет за 70% положени испити
☐ Потврда за запишување во I година
☐ Изјава за согласност за обработка на лични податоци

Ве молиме сите документи и апликацијата да ги испратите на: **esg@evn.mk**

Со потпишување на оваа апликација, потврдувам дека сите податоци се точни и дека сум согласен/на со обработка на личните податоци за целите на стипендијата.

Име и презиме: _____________________________
Датум: ________________
Потпис: _____________________________

## Изјава за согласност за обработка на лични податоци

ЕВН Македонија АД, Скопје како и друштвата каде што таа е единствен/мнозински содружник (понатаму во текстот ЕВН) ги почитува сите начела поврзани со обработката на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци.

**Подносител на изјавата:**

| | |
|---|---|
| **Име и Презиме** | |
| **Контакт тел.број** | |
| **Контакт е-пошта и/или адреса** | |

Со оваа изјава:

**ДАВАМ СОГЛАСНОСТ ☐** **ПОВЛЕКУВАМ СОГЛАСНОСТ ☐**

за обработка на лични податоци доставени со апликацијата за доделување на стипендија Лост од ЕВН во процесот на избор, претставување и селекција на кандидати за стипендирање:

- податоци за идентификација (име и презиме, место и датум на раѓање)
- контакт податоци (адреса, телефонски број, е-пошта)
-податоци за образование и други квалификации потребни за исполнување на условите за доделување на стипендија (податоци од биографија, потврда/уверение од образовни институции, потврда/уверение за остварени приходи, изјава)

Со потпишување на изјавата потврдувам дека сите податоци што ги наведов се вистинити и точни.
Се согласувам ЕВН да ги обработува наведените лични податоци согласно горенаведените цели и да ме контактира доколку е потребна проверка на идентитетот или на основаноста на изјавата.

**Информации за обработката на лични податоци:**
Личните податоци ќе се обработуваат за горенаведените цели до повлекување на Вашата согласност или до исполнување на целта за која се собрани, освен ако постои друга правна основа за нивно чување.
Вашата согласност можете во секое време да ја повлечете.
Изјава за повлекување на согласноста можете да испратите на esg@evn.mk или до Офицерот за заштита на лични податоци на lichnipodatoci@evn.mk или на адресата на ЕВН, ул.Лазар Личеноски бр.11, Скопје. Повлекувањето на согласноста нема да влијае на законитоста на обработката пред повлекувањето на согласноста.
Повеќе информации за начинот на обработка на Вашите лични податоци и/или остварување на Вашите права за заштита на лични податоци можете да добиете на lichnipodatoci@evn.mk и во нашата Политика на приватност при аплицирање за стипендија, објавена на веб страната на ЕВН.

Со потпишување на изјавата потврдувам дека сум запознаен/а со Политиката на приватност при аплицирање за стипендија на ЕВН и дека со истата политика се запознаени и моите родители/старатели.

____________________
Датум

____________________
Потпис на подносителот